Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 29, 15 октомври 2009 година

октомври 2009 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент од областа германски јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научно подрачје биологија-биохемија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 19

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на педагогија“ од проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева од Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 35

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Теорија на воспитание“ од проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева од Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 37

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ ФАРМАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот по медицински науки – Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, на својата 12. седница, одржана на 1.7.2009 година, донесе Одлука број 2502-67/6 за распишување на Конкурс за избор на наставник во сите звања за наставно-научното подрачје ***фармација*** на Факултетот за медицински науки во Штип. На 16.9.2009 година Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-72/5 и Решение број 2502-72/22, 2502-72/23 и 2502-72/24 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за научното подрачје *фармација* на Факултетот за медицински науки во Штип, во следниов состав:

1. **проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;**
2. **проф. д-р Никола Сиљановски, редовен професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и**
3. **проф. д-р Никола Камчев, вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, за избор на еден 1 извршител, објавен во дневниот весник „Дневник“, на 4.7.2009 година, за наставно-научното подрачје фармација, се пријави кандидатката **Бистра Ангеловска,** доктор на науки по фармација.

Критериумите за избор во наставник во сите звања, наведени во Конкурсот беа следниве: кандидатот треба да има докторат на науки во научната област за која се врши изборот, како и да ги исполнува останатите услови наведени во членовите 124,125 и 142 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критеруми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени во Конкурсот беа следниве: пријава, диплома за одбранет докторски труд, кратка биографија, потврда дека се служи со еден од светските јазици, список на објавени научни и стручни трудови и уверение за државјанство.

Д-р Бистра Ангеловска ги поднесе сите потребни документи од кои се гледа дека ги задоволува критериумите за избор во наставник во сите звања наведени во Конкурсот.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Бистра Ангеловска** е родена на 1 јануари 1955 година во Берово. Додипломските студии по фармација ги завршува на Фармацевтскиот факултет во Белград во 1979 година. Во 1996 година завршува специјализација во областа на фармацевтската технологија на Фармацевтскиот факултет во Скопје и се стекнува со звање специјалист по фармацевтска технологија. Во 2006 година д-р Бистра Ангеловска одбранува докторат од областа на социјалната медицина и организација на здравствената заштита и фармацијата на тема *„Рационална употреба на лековите, фармацевтска набавка и формирањето*

*на цените, како елементи на стратегијата за лекови на Република Македонија“* на Катедрата за организација и економика на фармацијата на Фармацевтскиот факултет во Софија, Република Бугарија.

Дипломата е нострифицирана од Министерство за образование и наука на Република Македонија со Одлука бр. 09-1656/1 и признаена како документ за завршени докторски студии и стекнат научен степен **доктор на науки по фармација**.

Од останатите квалификации поседува соодветни компјутерски вештини и го познава и се користи со англиски јазик.

***Професионална активност***

- Од 1979 до 2000 година кандидатката д-р Бистра Ангеловска била вработена во Здравствениот дом во Делчево, раководела со медицинското снабдување.
- Од 2000 до 2001 година била вработена во Министерството за здравство на Република Македонија, како помошник на министерот за здравство за фармација.
- Од 2000 до 2001 година била вработена во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, како помошник на директорот за набавки и контрола.
- Од 2002 до 2007 година работела во Фондот за здравствено осигурување, како републички контролен-инспектор.
- Во 2008 година била избрана за доцент за група економски предмети на МИТ Факултетот за менаџмент во Скопје.

***Научноистражувачка и апликативна активност***

Кандидатката приложи список на трудови, кој се состои од 6 публикации во научни списанија:

1. **Ангеловска Б.,** Петрова Г., *Проучване на преписването на лекарства в Република Македонија*. Фармација (XLXIX), 2002; 1-4: 34-37, Софија;
2. **Ангеловска Б.,** Букилица М., Тодоров Т., Петрова Г., *Сравнителен анализ на цените на основни лекарства в Б`лгарија и Македонија.* Фармација (LII), 2005; 1-2: 200-204, Софија;
3. Петрова Г., **Ангеловска Б.**, Бенишева Т., *Промене на тржишту лекова у Источно-европским земљама.* Архив за фармацију, 2004; 103-114, Белград;
4. **Ангеловска Б.,** Димитрова Т., Иванова С., Петрова Г., *Правила за добра пракса за набавка на лекови.* Македонски фармацевтски билтен, 2004; 50, (1) 47-52, Скопје;
5. **Ангеловска Б.,** Тодоров Т., Петрова Г., *Анализ на финансовата дост`пност на основни лекарства при терапијата на социјално значими заболјаванија в Б`лгарија и Македонија.* Социјална медицина, 2006; 1:32, Софија;
6. **Angelovska B**., Ivanova S., Benisheva T., Todorov T., Petrova G.. *Impact of the centralized procurement on the medicines prices (example with oncology products in Bulgarien and Macedonia)*, Македонски фармацевтски билтен (примено за печатење).

и 8 публикации во стручно-популарното списание *„Фармацевтски информатор“* на Фармацевтската комора на Македонија и тоа:

1. **Ангеловска Б.,** *Национална стратегија за лекови - Како до механизам за поквалитетни лекови.* Фармацевтски информатор, 5, 2002, Скопје;
2. **Ангеловска Б.,** *Политика на цените на лековите*. Фармацевтски информатор, 3, 2004, Скопје;
3. **Ангеловска Б.,** *Рационална употреба на лековите.* Фармацевтски информатор, 9, 2006, Скопје;
4. **Ангеловска Б.,** *Птичји грип: влијание врз здравствените програми*. Фармацевтски информатор, 10, 2006, Скопје;
5. **Ангеловска Б.,** *Инфекции од HPV и вакцина против HPV.* Фармацевтски информатор, 12, 2007, Скопје;
6. **Ангеловска Б.,** *Улогата на фармацевтот во здравствениот систем*. Фармацевтски информатор, 13, 2007, Скопје;
7. **Ангеловска Б.,** *Diagnosis-related group (DRG) систем на класификација на болничките случаи.* Фармацевтски информатор, 14, 2007, Скопје;

8. **Ангеловска Б.,** *Дијагностички сродни групи (ДСГ) како систем за плаќање на здравствените услуги.* Фармацевтски информатор*,* 17, 2009, Скопје.

Д-р Бистра Ангеловска учествува на 7 конгреси и симпозиуми:

1. **Angelovska B.,** Jolovic V., Stankovic D., *The latest drug law in Republic Macedonia fame for the inventory of provisions relating to the medicinal products derived from human blood or plasma.* I st Congress of Macedonian society of transfusion medicine with internat. participation, Ohrid, 2000, 10-13 October;
2. **Angelovska B.,** Petrova G., *Analysis of the effect of new rules and open tender drug supply in Macedonia for the reimbursable drugs.* 18th Intern. Conference on pharmacoepidemiology, Edinburg, 2002, 19 August;
3. **Angelovska B.,** Petrova G., *Drug pricing policy – comparative analysis among Bulgaria and Macedonia.* 12th Pharm. Congress with international participation, Bucharest, 2002;
4. **Angelovska B.,** Petrova G., *Studyng of the influence of National drug strategy document in Republic of Macedonia on the peoples access and affordability of medicines.* Innovation, Advancement, and Best Practices To Achieve Global Goals, Unite For Sight's Fourth Annual International Health Conference, Stanford University School of Medicine, California, USA, 2007, 14-15 April;
5. **Ангеловска Б.,** Петрова Г., *Иследување на влијанието на документот за Стратегија за лекови на Република Македонија врз пропишувањето и рационалната употреба на лековите.* 4th Congress of Pharmacy of Macedonia with International Participation, Ohrid, 2007;
6. Малеска Стојадиновиќ С., **Ангеловска Б.**, *Анализа на потрошувачката на триесетте најиздавани лекови на рецепт во транзицискиот период*. 4th Congress of Pharmacy of Macedonia with International Participation, Ohrid, 2007;
7. **Angelovska B.,** *Referentne cene lekova.* Pharmaceutical week of Kosova, Prishtina, 2008.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Д-р Бистра Ангеловска има објавено 6 публикации во научни списанија кои се однесуваат на набавки на лекови и цени. Била автор на 8 публикации во стручно-популарно списание од обласа на организација на здравствена заштита и фармација. Д-р Бистра Ангеловска учествувала на 7 конгреси и симпозиуми со теми кои се однесуваат на Законот за лекови, анализа на тендерски набавки, политика на цени на лековите, достапност на лековите до пациентите, стратегија за рационална употреба на лекови и потрошувачка на лекови.

Докторската дисертација на тема „Рационална употреба на лековите, фармацевтска набавка и формирањето на цените, како елементи на стратегијата за лекови на Република Македонија" на кандидатката е од обласа на социјалната медицина и организација на здравствената заштита и фармацијата.

Поради сè што досега беше кажано, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип **да ја избере д-р Бистра Ангеловска во звање доцент по група предмети од обласа на социјалната медицина и организација на здравствената заштита и фармацијата.**

**Рецензентската комисија**

**Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Никола Сиљановски, член, с.р.**
**Проф. д-р Никола Камчев, член, с.р.**

**ПРИЛОГ**

**Табела за вреднување на активностите на доц. д-р Бистра Ангеловска во периодот од 2007 до 2009 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Одржани консултации на постдипломски студии по одржан курс* | 5 | 2 | 10 |
| Рецензент на соработници и наставници** | 32 | 1 | 32 |
| Рецензент на труд од областа на образовната дејност на соработници и наставници*** | 2 | 1,5 | 3 |
| **Вкупно** | | | **45** |
| **Научноистражувачка активност (НИ)** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови на научен собир (во странство) | 2 | 2 | 4 |
| Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови на научен собир (во земјава) | 1 | 1 | 1 |
| Учество на научен собир со реферат постер (во земјава) | 2 | 1 | 2 |
| Студиски престој (во странство - 2007) | 1 | 8 | 8 |
| **Вкупно** | | | **15** |
| **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| Труд во стручно списание | 6 | 2 | 12 |
| Пленарно предавање на стручен собир во странство | 1 | 4 | 4 |
| Член на уредувачки одбор на стручно списание | 0,5 | 1 | 0,5 |
| Елаборати и експертизи**** | 2 | 1 | 2 |
| **Вкупно** | | | **18,5** |
| **ВКУПНО** | | | **78,5** |